**Општина Кочани**
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

До
Заинтересирани правни и физички лица, невладини организации и здруженија, консултанти, стручни лица, експерти

**Повик**
**за доставување на понуди за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани**

1. **Предмет на овој повик**: Изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани.

2. **Цел на овој Повик**: Изготвување на Стратегија за развој на спорт на општина Кочани, која ќе се достави како предлог до Советот на Општина Кочани за прифаќање и донесување на истата, како стратешки документ на Општина Кочани.

3. **Право на учество**: На повикот имаат право да се пријават заинтересирани правни и физички лица, невладини организации и здруженија, консултанти, стручни лица, експерти.

4. **Услови за работа за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани:**

4.1.Вовед за општина Кочани:
Кочани е град во источниот дел на Република Северна Македонија, кој зафаќа површина од 382 км2. Според официјалните податоци од последниот Попис на население од 2002 година во општина Кочани има вкупно 38.092 жители, од кои 28.330 во градот Кочани. Општината е составена од 28 населени места, и тоа градот Кочани, кој е и административен центар, потоа низинските села: Грдовци, Мојанци, Горни Подлог, Долни Подлог, Оризари, Прибачево и Тркање и ридско-планинските села: Бели, Нивичани, Пантелеј, Рајчани, Лешки, Црвена Нива, Пашаџиково, Јастребник, Горно Градче, Долно Градче, Припор , Полаки, Безиково, Вранинци, Главовица, Костин Дол, Небојани, Ново Село, Пресека и Речани. Општина Кочани се граничи со општините: Виница, Зрновци, Чешиново- Облешево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка и Македонска Каменица. Градот Кочани лежи во Кочанско Поле и е познат по кочанскиот ориз и геотермалната вода. Кочани се наоѓа на 120 километри оддалеченост од главниот град Скопје, поточно ја завзема северната страна на Кочанската Котлина и го зафаќа просторот од двете страни на Кочанска река. Градот има јужна поставеност во однос на 2252 метри високите Осоговски планини, а 8 км јужно од Кочани плодното Кочанско поле завршува и почнува планината Плачковица. Кочани лежи на 350 до 450 метри надморска височина. Во близина на Кочани е познатиот зимски туристички центар Пониква до кој води асфалтиран пат во одлична состојба, долг околу 20 км.

**4.2 Специфични цели, задачи за изготвувачот на Стратегијата:**

4.2.1. Да се изготви План за подготовка на стратегијата - *задача на изготвувачот на стратегијата;*

4.2.2 Да се изготви Методологија за работа за изготвување на стратегијата за развој на спортот во општина Кочани, која да содржи:

- Објаснување за ризиците и претпоставките кои влијаат на извршување на оваа активност;
- Кратко резиме на предложениот пристап за имплементација на оваа активност;
- Листа на предложени активности кои сметате дека се потребни за да се постигнат целите; Времетраењето на предложените задачи;
- Работен план кој ги вклучува потребните ресурси за спроведување на обуките.

*задача на изготвувачот на стратегијата;*

4.2.3 Да се подготват работни материјали (електронски) - *задача на изготвувачот на стратегијата* (печатењето на материјалите ќе го спроведе Општината преку Одделнието за јавни дејности);

4.2.4. Да се спроведат најмалку 2 (две) работилници со релевантни чинители и засегнати - *задача на изготвувачот на стратегијата во соработка со Одделението за јавни дејности;*

4.2.5. Пред изготвување на Стратегијата, изготвувачот на истата да спроведе консултации со Општина Кочани (Градоначалник и администрација);

4.2.6. Да се подготви финален документ Стратегија за развој на спортот во општина Кочани - *задача на изготвувачот на стратегијата.*

4.3. **Временска рамка и потребни ресурси**:

4.3.1. Вкупно планирано време за подготовка на стратегија за развој на спорт на општина Кочани е 4 (четири) месеци, сметано од денот на потпишување на Договорот со Општрина Кочани. Овој рок е менлив во зависност од ситуациајта со корона вирусот и зависно од мерките и препораките на Владата за држење на физичка дистанција.

4.3.2. Потребните ресурси (материјали, работни простории, озвучување и др.) и логистичка подршка ќе обезбеди Општина Кочани, Одделние за јавни дејности.

4.3.3. Логистичката подготовка на обуките е обврска наОпштина Кочани.

4.3.4. Електронските материјали кои ги изготвил изготвувачот на Стратегијата, а се во врска со за изготвување на Стратегијата за развој на спортот, ќе ги печати Општина Кочани.

Работните простотии за одржување на обуките ќе ги обезбеди Општина Кочани.

5. **Услови кои треба да ги исполнува подносителот на пријавата за изготвување на Стратегија за развој на спортот во општина Кочани**:

5.1. Да има работно искуство во учество, подготовка или изготвување на стратешки документ- стратегија.

6. Документи кои ги поднесуваат заинтересираните понудувачи за аплицирање по овој повик:
   - Понуда (Образец 1),

- Предлог- план за подготовка на стратегијата (изготвува понудувачот),
- Предлог методологија за работа за изготвување на стратегијата за развој на спортот во општина Кочани – ( изготвува понудувачот),
- Опис на работно искуство, реализирани активности и проекти (изјава од понудувачот–референтна листа) + доказ дека понудувачот има работно искуство во учество, подготовка или изготвување на стратешки документ-стратегија (потврда од корисникот на стратегијата),
- Копија од важечка лична карта за понудувачот -ако е физичко лице / Копија од тековна состојба за правно лице непостара од 6 месеци,
- Изјава за давање согласност за користење на лични податоци (Образец 2),
- Потврда/препорака за квалитетно извршени слични или сродни услуги (ако има).

7. **Критериум за избор на најповолна понуда е:** најниска понудена цена. Изборот ќе се изврши во рамките на планираните буџетски средства.

8. **Рок и место на поднесување на понуди:** Понудите по овој повик со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Кочани, ул.Раде Кратовче бр.1 Кочани 2300 или лично во Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани во рок од денот на објавување на овој повик до **крајниот рок за прием на понуди: 14.08.2020 година до 15,30 часот.** На понудата да се наведе: „*Поднесување на понуда за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани.*"

9. **Крајниот рок за прием на понуди по овој повик е: 14.08.2020 година до 15,30 часот.** Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите наведени во овој Повик ќе бидат разгледани од страна на комисија формирана од Градоначалникот. Известувањето за извршениот избор ќе се изврши на пријавените електронски адреси во поднесената понуда од секој понудувач и со објавување на известување за извршен избор на веб страната https://kocani.gov.mk/ на Општина Кочани. .

10. **Планирани средства:** За изготвување на Стратегија за развој на спорт на општина Кочани од Буџетот на Општина Кочани ќе се обезбедат најмногу: 30.000,00 денари.

11. **Обврски на избраниот најповолен понудувач за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани:**
    - Да склучи договор со Градоначалникот на Општина Кочани за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани согласно поднесената понуда
    - Подготовката на стратегијата за развој на спорт на општина Кочани да ја спроведе јавно и транспарентно во соработка со Одделението за јавни дејности и Комисијата за спорт формирана од Советот на Општина Кочани, преку одржување на јавни работилници и консултирање на сите заинтересирани чинители, спортски работници, клубови и здруженија, претставници на Општината, Градоначалникот и Советот на Општина Кочани, заинтересирани граѓани, невладини организаци и други чинители кои можат да придонесат за утврдување на главни, приоритени, стратешките цели, идеи и проекти кои треба да се планираат и реализират во областа на спортот,

- да изготви стратегија за развој на спорт на општина Кочани согласно условите наведени во овој Повик и истата да се достави до Општина Кочани, заради прифаќање и донесување на истата од Советот на Општина Кочани,
- да ја презентира и образложи стратегија за развој на спорт на општина Кочани пред телата на Советот (надлежните комисии) и пред Советот на Општина Кочани, пред Градоначалникот и администрацијата.

12. **Обврски на Општина Кочани**:
    - Со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна Градоначалникот на Општина Кочани ќе склучи посебен договор за вршење на интелектуални услуги- изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни, согласно условите од овој повик,
    - Да соработува со избраниот понудувач со цел пружање на потребна помош (работен простор за состаноци) и др. заради подготвување на стратешки документ за потребите на Општината во областа на спортот со цел развој и промоција на спорот во Кочани, согласно надлежностите кои ги има Општина Кочани со Законот за локалната самоуправа.
    - На изготвувачот на стратегијата да му го исплати надоместокот понуден во понудата избрана за најповолна за изготвување на Стратегија за развој на спорт во општина Кочани, во рок од 30 дена по доставување на Стратегијата како предлог документ до Општина Кочани.

13. **Дополнителни информации:** тел.072/275-610, Голубинка Георгиева Раководител на Одделение за јавни дејности.

Бр. 08-1635/2
06.08.2020 година
Кочани

**Општина Кочани**
**Градоначалник**
**Николчо Илијев**

Изготвил: Голубинка Георгиева, Анна Кралева
Одобрил: Секретар Александар Јосифов

*(1) Образец на понуда*

Врз основа на објавениот Повик за доставување на понуди за изготвување на стратегија за развој на спорт на општина Кочани број ____________ од __________.08.2020 година поднесуваме

**П О Н У Д А**

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име/назив на понудувачот: ______________________________________________

I.2. Контакт информации:

- Адреса/седиште: ______________________________________________
- Телефон: ______________________________________________
- **Е-пошта (задолжително):** ______________________________________________
- Лице за контакт: ______________________________________________

***За правно лице се пополнуваат следните податоци :***

I.3. Одговорно лице (управител): ______________________________________________

I.4. Даночен број: __________________________________ЕМБС:__________________

I.5. Жиро сметка: ________________________Депонент на:___________________банка

***<u>За физичко лице лице се пополнуваат следните податоци :</u>***

1.6. ЕМБГ: ___________________________________,

Со лична карта бр.______________________, издадена од _______________________ , на ден ___________; со важност до:___________________

1.7 Трансакциска метка: ________________________Депонент на:______________банка

**Дел II – <u>Техничка и финансиска понуда:</u>**

| **Ред. бр.** | **Согласно условите од објавениот јавен повик поднесувам финансиска понуда за :** | **Понудена цена со вклучен ддв во денари** |
|---|---|---|
| 1. | Изготвување на Стратегија за развој на спортот во општина Кочани | |

Вкупната вредност на нашата понуда со вклучен ДДВ, изнесува: ___________ *[со бројки]* (_____________________________________________________________)*[со букви]* денари.

**Прилог на оваа понуда се:**

□ Предлог- план за подготовка на стратегијата (изготвува понудувачот),

□ Предлог методологија за работа за изготвување на стратегијата за развој на спортот во општина Кочани – ( изготвува понудувачот),

□ Опис на работно искуство, реализирани активности и проекти (изјава од понудувачот–референтна листа) + доказ дека понудувачот има работно искуство во учество, подготовка или изготвување на стратешки документ- стратегија (потврда од корисникот на стратегијата),

□ Копија од важечка лична карта за понудувачот -ако е физичко лице / Копија од тековна состојба за правно лице непостара од 6 месеци,

□ Изјава за давање согласност за користење на лични податоци (Образец 2) и

□ Потврда/препорака за квалитетно извршени слични или сродни услуги (ако има).

| **Место и датум** | **Одговорно лице** |
|---|---|
| _____________________________ | _____________________________ |
| | **(потпис и печат)** |

(2) *Образец на Изјава за давање согласност за лични податоци*

## ИЗЈАВА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Јас (Име и Презиме на понудувачот/управител): ____________________________________

Со адреса на живеење/седиште ____________________________________________________

Изјавувам дека давам согласност за користење, обработка, и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, ги имам наведено при поднесување на Понудата за изготвување на Стратегија за развој на спортот во општина Кочани.

Оваа Изјава ја давам за реализација на предметот на оваа постапка од Општина Кочани.

Место и датум

____________________________

Изјавил

______________________(име и презиме)

________________________ (скратен потпис)

печат ако понудувачот е правно лице